Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

Број 475 www.mchamber.mk 03.12.2021




## УРГЕНТИ СОСТОЈБИ БАРААТ УРГЕНТИ МЕРКИ

стр. 3

## СВЕТСКАТА ТРГОВСКА ОРГАНИЗАЦИЈА (WTO), МЕЃУНАРОДНАТА СТОПАНСКА КОМОРА (ICC) И МЕЃУНАРОДНИОТ ЦЕНТАР ЗА ТРГОВИЈА (ITC) ЈА ПРОГЛАСИЈА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ДИГИТАЛЕН ШАМПИОН ЗА 2021 ГОДИНА

стр. 5




## ИНТЕРВЈУ










# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ · EVN · vitaminka · NLB Banka · GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION

IGM trade · T · · · МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР · ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · Gulf

ПЕКАБЕСКО · euro Nickel INDUSTRIES · nextsense · VERO сè на едно место · КОЖУВЧАНКА · MERMERE Kombinat

### СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel · ОКТА · РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ

RADE KONČAR-TEP · A1 · seavus www.seavus.com · ZAN MITREV CLINIC

СЕМОС · CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ · HALKBANK · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна

scalefocus · ДЕ-НИ МЕБЕЛ · cargo-partner · Life Is On Schneider Electric

### СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин · SPARKASSE BANK · Ultra! · SMELT-ING

VEZESHARRI · LECKER · elektro SHARRI · SOCOTAB Leaf tobacco · Swisslion · AllianceOne

достапни насекаде ...



**Посетете : www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# УРГЕНТИ СОСТОЈБИ БАРААТ УРГЕНТИ МЕРКИ




Енергетиката и процесот на задолжително тестирање во насока на заштита на вработените во компаниите од вирусот Ковид 19 се темите, кои во моментов се едни од клучните и интервенти за решавање, со цел непречено функционирање на компаниите, информира Извршниот директор, м-р Антони Пешев, на отворена средба со медиумите.

За енергетиката, Пешев даде ретроспектива на досега преземените чекори и дејствија од страна на Стопанската комора на Северна Македонија, од почетокот на месец октомври годинава до сега, со цел поддршка на македонските компании и обезбедување на потребните количини енергенси по најдобри можни цени во услови кога вредноста на струјата на светските берзи се продава, и до пет пати поскапо, од онаа која се набавуваше пред само неколку месеци.

Доколку интервентно не се преземат соодветни мерки, можно е дел од компаниите едноставно да стават клуч на врата што ќе се одрази на вкупната економија.

Од почетокот на октомври 2021 година, по реакција на македонските компании дека имаат проблем со најави за зголемување на цената на електричната енергија на слободниот пазар од лиценцираните снабдувачи, реализираниот состанок на 8.10.2021 година со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, директорот на државното ЕСМ, претставници на Владата, кабинетот на премиерот во присуство на компании на состанок организиран во хибридна форма, следуваа и серија други состаноци на оваа тема на различни нивоа во изминатиот период во кој се разговараше за повеќе опции. За набавка на јаглен за потребите на „РЕК“ Битола и „ТЕЦ Осломеј“, што како процес се движи многу споро, можност за поддршка на дел од компаниите во набавка на мазут за потребите на „ТЕЦ“ Неготино што како процеси исто така бара одредено време кое компаниите го немаат, како и формирање гарантен фонд во државата, но проблем е што

во меѓувреме додека истиот би профункционирал компаниите се упатени споровите со лиценцираните снабдувачи да ги решаваат во судски постапки што исто така не оди во прилог на времето.

На пазарот сега се соочуваме со состојба во која има големи компании кои можат да набават струја по 90 евра за мегават час, но не можат тоа да го направат зашто немаат дозволи за увоз. Има фирми кои преку матичните компании од други земји може да добијат струја, но нема механизам за пренос во нашата електро мрежа, а има и помали компании кои немаат начин како да увезат електрична енергија иако имаат пари и можат да ја платат, рече Пешев.

За таа цел, а во насока на поддршка на членките, Стопанската комора е во фаза на организационо преструктуирање, со цел инфраструктурата да се стави во функција на членките во многу брз период и да им помогне на компаниите-членки да имаат сигурност при набавката на електрична енергија во услови на криза и да придонесе за отстранување на високите маржи.

Нашите членки заслужуваат да имаат Комора која за функционалноста на своите членки е подготвена да направи се. Се мобилизира целиот наш капацитет на Комората за да им излеземе во пресрет на фирите и да помогнеме да се надмине оваа сериозна енергетска криза која може да има сериозни негативни последици по целокупната економија.

За проблемот со имунизацијата, ставот на Стопанската комора, вели извршниот директор е јасен мора да се креира амбиент во кој компаниите би ги намалиле застоите на функционирање заради заразување на вработените со вирусот Ковид-19, која доминантно се јавува кај невакцинираните лица. Нашите компании не можат да издржат уште еден локдаун.

Членките на Комората дури и би се сложиле со иницијативата на синдикатот да се даде плус еден слободен ден по денот на вакцинирањето заради тоа што некои лица имаат одредени симптоми и ден по вакцинирањето, но чинот на плаќање на тестирањето не се дозволува да биде на товар на компаниите. За деловната заедница не постои разлика меѓу имунизираните и прележаните лица и тие треба да имаат ист третман. Вирусот најмалку уште една година ќе циркулира затоа државата мора да изнајде механизми да се прави тестирање и да обезбеди тестови по исклучително ниски цени за да може компаниите да ги спроведуваат по неколку пати во месецот. Ако вакцинирањето државата го дефинира како незадолжително товарот на тестирање треба да падне на нејзина сметка.

# ПОСЕТА НА УКРАИНСКА БИЗНИС ДЕЛЕГАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Бизнис делегација на Лавовскиот регион предводена од заменик началникот на Лавовската државна управа, г-дин В.А Загајниј ја посети Стопанската комора на Северна Македонија и оствари средба со раководството на комората. Двете земји имаат пријателски односи без отворени прашања, истакна во поздравниот говор извршниот директор на комората Антони Пешев. Целокупната размена е околу 120 милиони САД$ при што само 10% отпаѓа на извоз на македонски производи во Украина. Извезуваме воглавно земјоделски производи, додека најмногу увезуваме производи од метална и електро индустрија. Но можности за зголемување на истата во двете насоки постојат, и со оваа посета тие треба да се искористат и отворат пат за понатамошна зголемена соработка, истакна Пешев.

Минатата година се состана македонско-украинската економска комисија и беа потпишани голем број на договори за помеѓу двете земји. Со тоа се отвора можност за зголемена соработка особено во агросекторот и туризмот-два сектори кои имаат најголем потенцијал, истакна амбасадорката на Украина во РСМ.

Заменик началникот на Лавовската државна управа, г-дин В.А Загајниј ги презентираше можностите за инвестирање кои ги нуди Лавовскиот регион. Со извоз од над 2,3 милијарди САД$ на годишно ниво (во земјите од ЕУ као Германија, Чешка, Данска и Полска), со 400 инвестициски објекти и девет индустриски паркови кои нудат големи поволности за компаниите, оваа област се промовира како сериозен партнер на македонските компании кои се заинтересирани за соработка.

На средбата беа присутни домашни претставници од земјоделско-прехранбениот сектор и туризмот кои, по завршување на официјалниот дел, ги продолжија разговорите со украинските колеги во комората. За вториот ден од престојот во земјата е предвидена посета од страна на украинската делегација на две винарии, Сопот и Стоби, каде што ќе се сретнат со првите луѓе на компаниите.

# АСОЦИЈАЦИЈА НА БАЛКАНСКИ КОМОРИ-ЦЕЛОСНО СВРТУВАЊЕ КОН КОМПАНИИТЕ И ПОСТОЈАНО КРЕИРАЊЕ НА НОВИ УСЛУГИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ




Од Генералното собрание на АСОЦИЈАЦИЈАТА НА БАЛКАНСКИТЕ КОМОРИ (АБК), 29.11.2021 година. На Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК), кое и оваа година се одржа виртуелно, со оглед на ситуацијата со пандемијата предизвикана од COVID-19, домаќин, односно претседавач на истото беше Бугарската трговско индустриска комора. Генералното собрание на АБК оваа година фокусот го стави на искуствата кои коморите од АБК ги имаат во наска на поддршка на компаниите справувајќи се со пандемијата предизвикана од COVID-19, новите услуги кои коморите ги креираат за компаниите и регионалната соработа. Во своето воведно обраќање како домаќин, претседателот на Бугарската трговско индустриска комора, Цветан Симеонов ја потенцираше важноста од регионалната соработка и креирање на платформа за заеднички услуги од сите земји на АБК кои можат да им бидат достапни за сите компании од регионот.

На Генералното собрание на АБК, учесник од Стопанската комора на Северна Македонија беше потпретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија и проектен менаџер за развој на новите совети, д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска.

Георгиева Јовевска истакна дека уште на самиот почеток од здравствената криза, во март минатата година, најзначајниот чекор кој го направи Стопанската комора на Северна Македонија во насока на помош и поддршка на компаниите за совладување на предизвиците предизвикани од пандемијата, е што формираше Кризен штаб, составен од лица во менаџментот на Комората, преку кој на дневна основа им се обезбедувше континуирана

достапност до информации од различни извори на компаниите, се даваа предлози - иницијативи до Владата за полесно поминување низ кризниот период, од кои голем дел беа преточени во конкретни мерки.

Од вкупно 5-те сета на мерки кои ги донесе Владата, големо е нашето задоволство што дел од мерките за поддршка на стопанството предложени од нас не се однесуваа само на носење на краткорочни мерки за санирање на последиците од кризата, туку се предвидоа и системски реформи кои би се однесувале на целото стопанство.

Потпретседателот Георгиева Јовевска во обраќањето на панелот во делот за поддршката на компаниите во услови на работење предизвикано од Ковид 19 се задржа на неколку клучни точки:

- Во завршница е процесот на измена на законот за царинска тарифа, со која ќе се услови намалување на увозните давачки за суровини и репроматеријали (усогласување на нивото на стапки во ЕУ) кое е едно од приоритетните прашања кое Комората го адресираше. За извозно ориентираните компании, кои реално и сега и во иднина ќе ја држат нашата економија на нозе, оваа мерка е силна поддршка која значително ќе влијае на зајакнување на конкурентноста на домашните производи и можност за нивно поголемо присуство на странските пазари,
- Се работи на намалување или укинување на дел од парафискалните давачки како предвидена мерка, што е повеќе годишно барање на Стопанската комора на Северна Македонија. Се спроведуваат серија активности за оваа цел, од промена на законската и подзаконска регулатива која е поврзана со неданочните и парафискалните давачки, неможност да се воведе ниту една дополнителна давачка без согласност од Министерството за финансии или мислење доколку се работи за одлуки кои ги носи Владата, до воспоставување на Регистар на неданочни давачки преку кој ќе се донесат соодветни решенија за оправданоста и целисходноста од постоење и воведување на одредени надоместоци и давачки кои не остваруваат значаен фискален приход, а претставуваат значаен трошок за компаниите,
- Приоритет се даде и на мерките за поддршка на инвестициските активности на компаниите во насока на унапредување на нивната продуктивност и конкурентност, со проширување на програмите за поддршка за инвестициските циклуси на домашните компании преку Законот за финансиска поддршка на инвестиции и Законот за стратешки инвестиции, но и со барање засилено да се применува концептот на јавно-приватно партнерство, особено во областа на енергетиката, инфраструктурата, екологијата, здравството и образованието,
- Во насока на одржување на ликвидноста на компаниите, особено за оние од секторите кои беа посериозно засегнати од кризата, преку Развојната банка на Република Северна Македонија се применија и мерки за обезбедување државна кредитна и државна царинска гаранција,
- Покрај другите мерки, ние како Комора заедно со Царинската управа и другите надлежни институции во Република Северна Македонија постојано се залажуваме за што поефикасен проток на стоки преку ослободување на коридорите за снабдување со репроматеријали за непречено работење за нашите компании.

Што се однесува до новите услуги кои Стопанската комора на Северна Македонија ги креираше изминатиов период, Георгиева Јовевска апострофираше неколку клучни работи:

Стопанската комора на Северна Македонија во годината кога го одбележува својот јубилеј по повод 100 години од своето основање, како најстара, најмоќна и најбројна бизнис асоцијација во државата, пред себе има историска можност да ги препознае потребите на компаниите, да ги идентификува пазарните текови и светските

трендови и соодветно да одговори на истите преку своја внатрешна трансформација. Трансформацијата на комората е процес кој започна преку спроведување на концептот на „Комора на иднината", кој опфаќа формирање на Совети чија цел е да отворат перспективи за иновации, знаења и развој на нови пазарно ориентирани услуги и институции кои се од директна корист за компаниите. Во таа насока, во 2021 година Стопанската комора на Северна Македонија формираше четири совети. Сите тие директно или индиректно се поврзани и со образованието и развојот на најбитниот фактор за раст и успешна работа на компаниите, а тоа е човечкиот фактор, иновациите, и новите технологии. Новоформираните совети се:

- Совет за напредни технологии и унапредување на квалитетот во производството и услугите кој има за цел остварување на специфични интереси на домашните и странските компании со технолошки напредно производство, обезбедување консултативни и советодавни мислења и предлози во интерес на поттикнување на техничко-технолошкиот развој и унапредување на квалитетот во производството и услугите.
- Совет за унапредување на високото образование и стратешки истражувања во фокусот на своето работење поставува организирање и поттикнување соодветни облици за континуирано функционално образование и иновација на знаењата на раководните кадри, како и на другите стручни кадри и професионална надградба на стекнатите знаења. За таа цел Советот во соработка со домашни и странски институции се фокусира кон развој и промоција на три едукативни програми: Школа за бизнис лидери, Развој на мали и средни бизниси и старт ап бизниси и Институт за извоз, кои ќе ја поттикнат имплементацијата на европските правила и стандарди и ќе бидат насочени кон создавање функционално неформално образовани и иновација на високообразовните кадри, што ќе води кон воспоставување на Школа за продуцирање кадри за извоз со индентија за прераснување во Институт за извоз.
- Советот за унапредување на индустриското производство и извозот има за цел да изгради стратегија и методологија за развој и поддршка на извозот и индустриските капацитети во соработка со Владата на Република Северна Македонија и сите релевантни меѓународни институции. Во фокусот на своето работење овој Совет ги поставува и активностите поврзани со поттикнување и вмрежување на домашните компании со странските компании. Советот исто така ја презема целокупната обврска околу учеството на Комората на специјализираните меѓународни саеми и настани како партнер на Министерството за економија, но и активности за унапредување и насочување на работата на Клубот на извозници при Стопанската комора на Северна Македонија.
- Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките има за цел остварување на специфични интереси на приватниот сектор, во насока на унапредување на квалитетот на неформалното образование, вклучително и образованието на возрасните и поврзување на понудата и побарувачката на квалификации, вештини и практично искуство согласно потребите на работодавачите.Овие нови форми на организирање во Комората, се произлезени од иницијативите и барањата на компаниите членки, подвлече Георгиева Јовевска, а нивното формирање е одговор на подготвеноста на Комората да биде агилна и приспособлива во насока на понудување соодветна експертиза, зад која стојат не само вработените во Комората, туку и членовите на Советите како претставници на бизнис заедницата, научната и академската фела, за да се создаде додадена вредност и да се оправда улогата на Комората како заштитник и промотор на бизнис заедницата во државата.

Во однос на регионалната соработка, потпретседателот и проектен менаџер, д-р Јелисавета Георгиева Јовевска на панелот на таа тема подвлече неколку клучни поенти:

Стопанската комора на Северна Македонија уште од самите почетоци е вклучена во идејата за Коморскиот инвестициски форум (КИФ), како асоцијација која е основана со стопанските комори од земјите од Западен Балкан во рамките на Берлинскиот процес, која стана можеби и најважната алатка за зајакнување на регионалната економска соработка и еден од најуспешните резултати на Берлинскиот процес е тоа што во суштината на неговото постоење се заснова идејата дека од слободната трговија и регионалната интеграција на долг рок добиваат сите земји и дека соработувајќи заеднички можеме да направиме многу повеќе отколку која и да било од нашите бизнис заедници би можела да направи сама.

Визијата за КИФ во овие процеси е да постави мост меѓу активностите кои секоја од националните стопански комори ги преземаат во своите национални економии во насока на дисперзирање на позитивните ефекти кон останатите 5 комори, но и да нуди заеднички услуги за компаниите од целиот регион, кои во крајна линија се соочуваат со исти проблеми кога излегуваат на регионалните или глобалните пазари. Датабазите за пристап на пазарот и за информациите кои нудат анализа на пазарите, програмата за развој на добавувачи, техничката помош за дигитализација и пристап до финансии, заедничкиот настап на саеми и бизнис форуми, поддршката за обезбедување на квалификуван кадар преку дуалниот модел на образование се само дел од чекорите во таа насока. Тие ќе се надоградуваат со заедничка ознака за квалитет на потекло од Западен Балкан, заеднички академии и тренинг центри за компании од различни области, заеднички центри за циркуларна економија и зелена транзиција – конкретни придобивки и услуги за компаниите од регионот, независно како ќе се одвиваат формалните процеси на усогласување на актите на регионално ниво.

Годинава се интензивираше иницијативата за Отворен Балкан, која засега вклучува само три од шесте држави на Западен Балкан (Албанија, Северна Македонија и Србија), која најавува конкретни активности во насока на понатамошна либерализација на движењето на стоки, услуги и лица ширум регионот.

Многу е важна, во следниот период нашата регионална соработка и поврзување на компаниите од нашите земји со компаниите од регионот и пошироко со цел заеднички настап на трети пазари и создавање на уште подобри релации на соработка меѓу нашите деловни заедници.

Заеднички продолжуваме да работиме на приоритетите на Асоцијацијата на балканските комори а тоа се првенствено: развивање на соработката помеѓу бизнис заедниците во Балканскиот регион како и заеднички со трети земји, охрабрување и поддршка на активностите насочени кон структурни реформи во економиите на балканските земји со поглед кон пристапувањето во ЕУ, иницирање и имплементација на заеднички проекти за Балканскиот регион како и заедничко учество во ЕУ програмите и останатите партнерски програми и фондови.

# ВО ВРЕМЕ НА ПРОМЕНИ И КРИЗИ ДА СЕ СЛУШНЕ ЗНАЕЊЕТО И ВЕШТИНИТЕ НА ЧЕЛНИТЕ ЛУЃЕ ОД ДОКАЖАНИТЕ И УСПЕШНИ КОМПАНИИ ВО ЗЕМЈАВА




Во интервјуто за Фактор.мк, м-р Цветанов истакнува три клучни и потребни работи кои треба да ги знае еден добар менаџер: прво да се биде сам свој консултант и да се запраша што може да стори за лично подобрување, но и во компанијата што ја води, второ да изгради односи со вработените, купувачите и добавувачите базина на взаемна доверба и взаемно почитување и трето, да има визија, да посакува и да сонува на големо.

Како предавач во Програмата за клуб на менаџери-претприемништво и лидерство, која е дел од Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Цветанов очекува дека токму ваквите програми ќе допринесат менаџерите да ги зајакнат своите капацитети на менаџирање на компаниите, а тоа ќе води кон раст и развој на нивните компании, што пак обезбедува и раст на економијата на државата во целина.

Програмата за претприемништво и лидерство започнува на 9 декември, а ќе трае до крајот на мај следната година. Освен Цветанов предавачи се и педесетина други реномирани претставници на бизнис секторот, академската и научната фела. Едно од најдобрите учења е трансферот на знаење и учење од поискусните, оние кои претходно се соочиле со одреден проблем. Тие можат најдобро да ги споделат своите искуства околу проблемите во реалниот сектор. Освен ова, посетителите ќе имаат можност и за размена на искуства што го прави бенефитот уште поголем, истакнува м-р Цветанов.

# УСПЕШНИОТ ЛИДЕР ЗНАЕ ДЕКА ВО ТИМОТ СЕКОЈ Е ВАЖЕН



Во интервјуто за Фокус, Иван Петровски говори за процесот на суштинска трансформација на Стопанската комора на Северна Македонија преку концептот на „Комора на иднината", во пресрет на 100-годишнината од постоењето на Комората.

Еден сегмент од таа трансформација е формирањето на Советот за високо образование и стратешки истражувања, каде Петровски е еден од предавачите на модулот Практични аспекти на работењето на малите и средни бизниси која е дел од Програмата за развој на мали и средни бизниси што започнува на 9 декември 2021 година. Во рамки на модулот, Петровски, како генерален директор во Фершпед и член на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија пред учесниците ќе ги сподели своите искуства, знаења и вештини стекнати преку долгогодишната професионална кариера на различни позиции во компанијата особено во делот на меѓународно искуство во областа на меѓународна шпедиција и транспорт како добар познавач на солунското пристаниште каде поминува 9 години од кои 8 години како директор на претставништвото на Фершпед во Солун.

Главната порака што ја испраќа до младите лидери е дека во тимот секој е важен, а без стручен тим, тим од доверба, не може да се оди напред. Потребата да се размислува стратешки, да се биде постојано блиску до потребата на корисникот на производот или во случајот на Фершпед до корисникот на услугата е посебно важно бидејќи покрај цената и квалитетот, размислувањето за проблемите на партнерите и пронаоѓање на решение на истите е многу важно за добивање и задржување на клиентите.

# ПРЕКУ НОВИТЕ СОВЕТИ СКСМ ЌЕ ЈА ЈАКНЕ КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ



Преку своето искуство од работа во странство, до основање на приватен бизнис, Ирена Јакимовска, заменик претседател на Советот за странски инвеститори во Стопанската комора на Северна Македонија, говори за процесот на градење на сопствен бизнис и развивање на менаџерски и лидерски вештини кои водат до раст и развој на бизнисот.

Во интервју за Плус инфо, Јакимовска посочува дека за еден менаџер да биде лидер, пред се, треба да е човек, особина надоградена со искреност, чесност, храброст, иницијативност, одржливост, одговорност, прилагодливост и отвореност за промени и континуирано надоградување на сопственото знаење.

Како активен член на Стопанската комора на Северна Македонија, во својство на заменик претседател на Советот за странски инвеститори и претседател на Регионалната комора со седиште во Прилеп член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија и член на Собранието на Стопанската комора на Македонија, за мандатниот период 2020-2025, Јакимовска активен придонес дава и како предавач на Програмата за клуб на менаџери – претприемништво и лидерство, во рамки на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања.

Во овој модул се планирани осум мотивациони говори на познати бизнис лидери од Македонија кои ќе говорат за нивното школување, пораките на нивните професори, првото вработување, мотивацијата, што правеле различно од другите, која беше нивната најтешка одлука, како го бирале својот тим, кое животно мото ги води, како се справуваат со стресни ситуации. Програмата за претприемништво и лидерство започнува на 9 декември, а ќе трае до крајот на мај следната година.

# СВЕТСКАТА ТРГОВСКА ОРГАНИЗАЦИЈА (WTO), МЕЃУНАРОДНАТА СТОПАНСКА КОМОРА (ICC) И МЕЃУНАРОДНИОТ ЦЕНТАР ЗА ТРГОВИЈА (ITC) ЈА ПРОГЛАСИЈА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ДИГИТАЛЕН ШАМПИОН ЗА 2021 ГОДИНА




Денеска во 14:30 часот, потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Елена Милевска Штрбевска, ќе ја прими наградата ДИГИТАЛЕН ШАМПИОН, на овогодишната редовна Министерска конференција на Светската трговска организација, во конкуренција на над 100 поднесени апликации од сиот свет. Таа ќе има и свое обраќање, а потоа ќе следи и официјалната објава од страна на трите реномирани институции.

Процесот на дигитализација го започнавме кон крајот на 2020 година и, во соработка со нашиот партнер„Некстсенс" ДОО Скопје, во мај 2021 година успешно го завршивме, со интегрирано решение за дигитална трансформација на деловните процеси, што ќе ги замени сите хартиени процеси на подготовка и на издавање дигитални, безбедни, правно-обврзувачки и верифицирани документи. Нашата дигитална платформа е токму тоа.

Наградата е потврда за постигнатиот напредок во работата и претставува поттик за сите нас и натаму да продолжиме да ги развиваме своите напредни идеи и да им служиме на своите членки. Стратешка цел на Комората е да работи во интерес на своите членки, да поттикнува постојан напредок, преку воведување иновативни форми и методи на работа, и да ги зајакне сопствените капацитети.

„Комора на иднината" претставува одговор на потребите на бизнис-заедницата да има силен партнер, кој со своето знаење и со експертизата ги рефлектира современите трендови и практики на дејствување во брзо и во динамично општество.

Компанините со овој проект добија скратување на времето потребно за добивање на документи за 82%, скратување на трошоците за поднесување и подигнување на документите на 0, без трошоци за печатење, добија дигитално потпишан документ во согласност со регулативата на ЕУ и бр. 910/2014 (регулатива eIDAS) и е компатибилен со стандардот PAdES (PDF Advanced Electronic Signature) за дигитално потпишување.

За нас не е изненадување што оваа награда доаѓа однадвор. Исус Христос уште пред 2000 години, според Евангелието на Матеј, кажал дека „секаде ќе добиеш признание освен дома". На тоа ние само ќе додадеме дека ја почитуваме историјата, но ја претпочитаме иднината и ова го сметаме за поттик кој ни го покажува патот по кој ќе одиме.


video
example
software
easily
participant
electronic
time
information
teaching
courses
term online
education
social
content
objects
assessment
student
online
web
example
E-LEARNING
knowledge
computers
support
software
virtual
electronic
work
system
internet software
cost
elearning
example
assessment
classroom
system
devices
video

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



**Семинар**
**07.12.2021**

# Хемиски штетности, влијание врз здравје и ризици на работно место, со посебен осврт на превентивните и корективни мерки при користење на технички и медицински гасови

Многу занимања ја вклучуваат употребата и/или производстото генерацијата на хемиски супстанци кои можат да бидат штетни за здравјето на професионално изложените работници. Спектарот на ефектите врз здравјето се движи од релативно благи симптоми до сериозни оштетувања и болести, од кои некои завршуваат со траен инвалидитет, неспособност за работа, па дури и смрт.

Ефективното управување со професионалните ризиците на работните места при изложеност на хемиски супстанци е клучно за креирање на здрави работни места, превенција на професионалните болести и унапредување на здравјето на работниците. Ваков пристап претставува придобивка не само за компаниите и нивните работодавачи, туку и за работниците и целата заедница. Законот за безбедност и здравје на работа, како и Правилникот за  минимални барања за безбедност и здрваје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци се основните алатки со кои се дефинираат правата и обврските на сите засегнати страни во процесот за управување со ризиците предизвикани од хемиски супстанци. Нивната практична имплементацијата бара соодветна инфраструктура, но и соодветно знаење и искуство на професионалците кои работат во оваа област. Тоа знаење и искуство тие треба да го вградат во хиерархијата на превентивни мерки, што треба да овозможи минимизирање и/или елиминирање на веројатноста за професионална изложеност на хемиски супстанци и нивно штетно влијание врз здравјето и работната способност на професионално експонираните работници.

**Предавачи:**

1.Проф.Др Елисавета Стикова – ЈЗУ Институт за јавно здраве,

2.Дејан Димзовски, Дипл. Маш. инж., ТГС " Технички гасови "

3.Марија Сарамџиевска и Марина В. Ковачевска , Дворник ДОО Производство и продажба на лична заштитна опрема

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Семинар**
**14.12.2021**

# Управување со медицински отпад

Стопанската комора на Северна Македонија, на 14 декември 2021 година, организира еднодневна онлајн семинар на тема: „Управување со медицински отпад“.

На онлајн семинарот ќе биде детално и практично разгледани актуелните законски измени, почнувајќи од условите и методите за неговото спроведување, сé до последователните дејствија и практичната примена на истиот. Особен акцент ќе се стави на информирање на слушателите за важноста на подготовката и примената на процедурите. На семинарот ќе има интерактивен пристап и ќе понуди практични одговори на прашањата на слушателите и ќе овозможи тие да се стекнат со вештини за правилно да ги применуваат законските одредби од оваа област.

ПРОГРАМА:

- Управување со медицински отпад
- Законска регулатива;
- Дел од регулативата која го регулира управувањето и третманот на медицинскиот отпад;
- Структура и класификација на медицинскиот отпад.
- Фази(процеси) на оправување со медицински отпад
- Безбедно управување со медицински отпад;
- Упатство за управување со медицински отпад.

**Предавач:**

- доц. д-р Миле Јакимовски - национален координатор на стратегијата за управување со медицински отпад и поранешен директор на Управата за животна средина при министерството за животна средина и просторно планирање.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Семинар**
**15.12.2021**

# Напреден Ексел за анализа на продажбата со пивот табели и “живи“ графикони

Цел и придобивки:

Бенефиции за вас и вашата организација:

- На компаниите им требаат извештаи од кои јасно се гледаат резултатите од работењето.

Како истите да се создадат брзо и ефективно? Како истите да бидат прегледни и разбирливи?

Како да станете експерт за подготовка на извештаи?

- Тоа е можно со користење на напреден Excel. Сепак, само 1% од вработените во една компанија

имале било каков вид на обука за работа во Excel;

- Овој тренинг објаснува напредни техники за анализа на продажбата во Excel, со практични примери од бизнисот.

Според мислењето на учесниците, по тренингот нивната работа се забрзала и до 10 пати!

- Примерите кои се користат се исклучиво од пракса.

Клучни карактеристики на тренингот:

- Работа на практични примери (продажба);
- Фокусиран, интензивен тренинг во еден ден;
- Напредни техники во Excel.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

Семинар
16.12.2021

## Задолжително заклучување - затварање на деловодник, подготовка на овластувања за работа во писарницата за наредна година, подготовка и собирање на списите за враќање во писарница согласно законската регулатива и нивно складирање

Целта на„онлајн“ семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на начинот на затварање на деловодник поради завршување на тековна година, подготовка на овластувања за вработените кои се распоредени во писарница и архива, подготовка и составување на записници за враќање на документите во писарница и нивно средување во архивски кутии и сложување во архива, поврзување на броеви кои заостанале од минатата година незавршени или не одговорени и слични проблематики кои би произлегле во текот на работењето.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцелариското и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Саем 28.02.2022 - 02.03.2022**

# Саем 28.02.2022 - 02.03.2022 Саемска манифестација: „Internatonal Food and Drink Event (IFE)“ Лондон,




Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем Internatonal Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

Предности зошто да учествувате на саемот

**Учество на 1000 малопродажни купувачи**.

**Сериозност во деловните потфати**.

**Седум настапи во еден**.

**IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија**.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора  на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ  АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :
- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

*99 години*
*Основана 1922*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088